МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОКАНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на поканата за плаќање на глоба.

## Член 2

Образецот на поканата од член 1 од овој правилник е со формат А5 и е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

јуни 2009 година

Скопје

Министер за земјоделство,

шумарство и водостопанство,

Ацо Спасеноски, с.р.

ПРИЛОГ
Образец

**Република Македонија**
**Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство**
**Државен инспекторат за земјоделство ПЕ____________**

Врз основа на член 46 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2006) и член 30 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр 20/09) државниот инспектор за земјоделство / државниот фитосанитарен инспектор ________________________________________________ издава

**ПОКАНА** **БР.000000**
**за плаќање на глоба**

**1. Податоци за сторениот прекршок**

| | | |
|---|---|---|
| Ден: 200 __ | Час: | Место на сторување: |
| Опис на прекршокот: | | |
| Член ______ од Законот ____________________________ („Сл. Весник на РМ" бр. ______ ) | | |
| Глоба предвидена за прекршокот: | | ЕУР во денарска против вредност: |

**2. Податоци за сторителот**

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: ( физичко лице, одговорно лице во правно лице, трговец поединец, службено лице, лице што самостојно врши дејност) ____________________________ вработен во ______________ | | |
| ЕМБГ: | Л.к.бр./П.И.бр. | СВР: |
| Адреса на живеење (улица, број, место, општина): | | |
| Назив на правното лице: | Седиште на фирмата: | |
| Даночен број: | Жиро сметка: | |

Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од 8 дена од денот на приемот на поканата на сметка.

Ако сторителот не ја плати глобата во определениот рок, службеното лице – надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган.

Сторител на прекршокот ______________________

Инспектор ______________________